Врз основа на Одлуката за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Карпош бр.09-5055/4 од 04.07.2019 година донесена од Совет на Општина Карпош, и согласно Одлуката од Училишниот одбор за издавање на училишен простор бр. 02-249/3 од 20.08.2019 година, ООУ Владо Тасевски – Скопје распишува

**ОГЛАС**

**за издавање под закуп на фискултурна сала, училници, училишен хол, помошни простории, продавница/киоск и друг административно деловен простор во ООУ Владо Тасевски - Скопје**

**1. ЗАКУПОДАВЕЦ**:

ООУ Владо Тасевски - Скопје , со седиште на ул. Миле Поп Јорданов бр.74, 1000 Скопје телефон: 078/313-402

**2. ПОНУДУВАЧ:**

Право да поднесе понуда за закуп на наведените недвижности има секое заинтересирано домашно и странско физичко лице и правно лице кое е регистрирано за вршење на дејност согласно со предметот на закуп.

**3. ПРЕДМЕТ НА ЗАКУП**

3.1. Фискултурна сала во ООУ Владо Тасевски - Скопје со површина со 520м$^2$ со 2 гардероби и тоалет, термини од понеделник до петок од 19 до 23 часот, сабота и недела од 18 до 23 часот со почетна цена од 742 денари по час за период од склучување на договорот до 10.06.2020 година;

3.2. Осум училници со површина од по 56м2, термини од понеделник до петок од 17 до 19:30 часот со почетна цена од 430,00 денари по час за период од склучување на договорот до 10.06.2020 година;

3.3 Две училници со површина од по 15.5м2, термини од понеделник до петок од 08 до 19:30 часот со почетна цена од 123,00 денари по час за период од склучување на договорот до 10.06.2020 година;

3.4 Училница за танц со површина од 40м2, термини од понеделник до петок од 08 до 19:30 часот со почетна цена од 308,00 денари по час за период од склучување на договорот до 10.06.2020 година;

3.5 Хол со површина од 105м2, термини од понеделник до петок од 18 до 20:00 часот со почетна цена од 399,00 денари по час за период од склучување на договорот до 10.06.2020 година;

3.6. Деловен простор за продавница со површина од 9 м$^2$, со можност за работно време од 08 до 17:30 часот со почетна цена од 1533,00 денари месечно за период од склучување на договорот до 10.06.2020 година.

Закуподавецот ги издава просториите наведени во точките од 3.1 до 3.6 по пат на прибирање на писмени понуди.

Заинтересираните понудувачи можат да го користат просторот исклучиво за настава, спорт и рекреација, истиот не смее да се издава на подзакуп.

**4. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ**

Критериум за избор на најповолен понудувач е **понудена највисока цена**. Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, за најповолен понудувач ќе биде избран оној што прв ја поднел понудата (ден и час).

Предност во доделување на термините во фискултурната сала ќе имаат спортските екипи со организирани младински школи.

## 5. ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДА

*** За физички лица**
– важечка лична карта или патна исправа
- адреса, контакт телефон, емаил
- понуда

*** За правни лица**
- Тековна состојба
- ДРД образец
- понуда
- адреса, контакт телефон, емаил

* **Сите физички и правни лица** кои ќе склучат договор за закуп на училишен простор со ООУ Владо Тасевски – Скопје се должни да достават банкарска гаранција во износ од 10% од вредноста на договорот.

Документите од точка 5 за правни лица не треба да се постари од 6 месеци и истите се доставуваат во оргинал, или копија заверена од понудувачот.

Заинтересираните понудувачи да ги достават своите понуди до ООУ Владо Тасевски- Скопје на адреса ул. Миле Поп Јорданов бр.74 или лично во архивата на училиштето, во затворен плик со назнака “**Комисија за избор на најповолна понуда за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во ООУ Владо Тасевски - Скопје**

Огласот ќе трае 8 работни дена, а понудите ќе бидат разгледани од страна на Комисијата во рок од 3 дена по завршувањето на огласот. По завршување на огласот, истиот ќе биде отворен за други понудувачи во текот на целата учебна 2019/2020 година.

Некомплетна и ненавремена доставена документација нема да се разгледува.

ООУ Владо Тасевски - Скопје

Директор